РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
ВЕРА ЦИРИВИРИ-ТРЕНА - СКОПЈЕ

| Примено: 28 09 2023 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 08 | 17/6 | | |
| Арх. знак: | | Рок на чување: | |

Врз основа на чл. 127 од Законот за основно образование (Сл.весник на РСМ бр.161/19 и 229/20) Советот на родители на седницата одржана на ден 28.09.2023 година, усвои

# ДЕЛОВНИК ЗА РАБОТА

## на Совет на родители на Основното училиште ООУ ,,Вера Циривири-Трена”-Карпош

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член.1

Со овој деловник се регулира начинот на работа на Советот на родители при ООУ ,,Вера Циривири-Трена”-Карпош (во натамошниот текст Советот)

### Член.2

Одредбите на овој Деловник се однесуваат на членовите на Советот на родители.

### Член.3

За организирано остварување на интересите на учениците во основните училишта од родителите на учениците се формира совет на родители на училиштето.

### Член.4

Во советот на родители има по еден претставник од секоја паралелка којштo го избираат родителите на родителскиот состанок на паралелката.

### Член.5

Првото свикување на советот на родители го врши директорот на училиштето.

Надлежностите на советот на родители на основното училиште се утврдени со Законот за основно образование.

Членството на советот на родители престанува со престанок на статусот на ученик на неговото дете, како и по барање на родителот.

Член.6

Советот на родители именува претседател и негов заменик на својата прва седница, а изборот се врши со јавно гласање.

Седницата на советот се свикува по потреба.

Член.7

Советот на родители заседава на седници кои ги свикува и со нив раководи Претседателот на советот. Во отсуство на Претседателот со седницата раководи заменик-претседателот на советот на родители.

Седниците на советот ги свикува неговиот претседател и тоа:

- По своја иницијатива;
- По барање на директорот;
- По барање на една третина од вкупниот број членови на советот;
- По барање на една третина од вкупниот број на вработени во училиштето;
- По писмено барање на родител или вработен во училиштето.

Член.8

Советот на родители може да работи само ако се присутни повеќе од половина членови.

Ако нема доволен број членови за одржување седница таа се одложува.

Член.9

Советот на родители расправа и одлучува по прашањата во врска со работата на училиштето кои во негова надлежност се утврдени со законот, подзаконските акти и нормативните акти на училиштето.

Член.10

Советот на родители:

- Дава мислење за предлогот на програмата за развој на основното училиште и за годишната програма за работа:
- Расправа за извештајот за работата на училиштето;
- Дава мислење и предлага мерки за подобрување на наставата и воннаставните активности;
- Разгледува жалби на родителите односно старателите во врска со воспитно-образовната работа;
- Учествува во самоевалуација на работата и постигнувањата на училиштата;
- Иницира и спроведува активности за подобрување на квалитетот на училиштето;
- Учествува во оценувањето на исполнетоста на стандардите за наставниците и стручните соработници за напредување во звањата ментор и советник;
- Избира претставници во училишниот одбор на основното училиште и
- Врши други работи утврдени со статутот на училиштето.

Член.11

По констатирањето на мнозинство присутни членови, претседателот на советот ја отвара седницата и го чита дневниот ред, ги повикува членовите да се изјаснат за него или да дадат свои предлози за евентуални измени или дополнувања.

Член.12

Претседателот на советот им дава збор на членовите за дискусија. Доколку оцени дека расправата по одредени точки ќе трае подолго може временски да ја ограничи дискусијата и да дозволи повторно учество во неа.

Член.13

По завршување на дискусијата по одредена точка од дневниот ред, претседателот формира заклучок, став или ја соопштува одлуката која треба да се донесе, а потоа се спроведува гласање. Доколку во согласност со Деловникот се донесе заклучок, став или одлука, претседателот го чита и го прогласува за донесен.

Донесените заклучоци, ставови или одлуки на советот се издвојуваат во посебен документ, кој го потпишува претседателот, а потоа се архивира и се објавува.

Член.14

Од седницата на советот се води записник. Записникот го води записничар – избран од советот на родители. Во записникот се запишува терминот за одржување на седницата, бројот на присутните, односно отсутните членови, дневниот ред, во кратки црти дискусиите, предлозите и нивните предлагачи, заклучоци и одлуки.

Записникот се чита, корегира и се усвојува на првата наредна седница на советот на родители, а го потпишуваат претседателот и записничарот.

Член.15

Заклучоците, ставовите и одлуките на советот на родители се донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број членови на советот, кои имаат право на одлучување.

Член.16

Гласањето, по правило е јавно, а ако советот одлучи што е за одделни точки, да се гласа и тајно. Гласовите од јавното или од тајното гласање се запишуваат во записникот.

Член.17

Редот на седницата го одржува претседателот на советот. Доколку некој од членовите на советот или друго лице ја попречува работата, претседателот е должен да го опомене. Ако и по опомената лицето продолжи со попречувањето на работата, претседателот треба да го замоли да ја напушти седницата. Доколку не се отстранат пречките за нормална работа претседателот ја прекинува седницата за 15 минути или ја презакажува за друг термин.

Член.18

На барање на советот учество на седниците може да имаат и наставниците, стручните соработници, воспитувачи и други вработени во училиштето.

Со одобрение од претседателот на советот на седницата на советот на седницата може да присуствуваат заинтересирани вработени или други лица.

Член.19

Ако поради причините наведени во член 15 заради некој член на советот два пати се прекине седницата или ако член на Советот на родители три пати неоправдано отсуствува од седница, претседателот е должен да покрене постапка за негово отповикување и за избирање нов член.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член.20

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето на огласната табла на училиштето.

Претседател на Совет на родители